РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр.24-389/3
од 22.04.2025 година
Кривогаштани

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 11/23, 171/24 и 224/24), член 22 став (1) и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко проектна документација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 год., бр.08-1365/7 од 24.12.2024 година, донесена од страна на Советот на општина Кривогаштани, **Градоначалникот на Општина Кривогаштани,** објавува:

С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на јавен увид на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на источен дел од КП бр.2071/7 КО Врбјани, општина Кривогаштани

1. Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на источен дел од КП бр.2071/7 КО Врбјани, општина Кривогаштани, се однесува на источен дел од КП бр.2071/7, КО Врбјани, општина Кривогаштани.
Проектниот опфат се наоѓа 2.5 км јужно од село Врбјани, односно 8.5 км од село Кривогаштани, општина Кривогаштани и се наоѓа на приближна оддалеченост од 19 км западно од центарот на Прилеп.
Проектниот опфат го дефинираат следните граници:
- Север - северната граница на опфатот се движи по северната граница на КП 2071/7 КО Врбјани, општина Кривогаштани и од истата страна граничи со пристапниот пат на КП 2200 КО Врбјани, општина Кривогаштани
- Исток - источната граница на опфатот ја следи источната граница на КП 2071/7 КО Врбјани и граничи со КП 2071/1 КО Врбјани, општина Кривогаштани
- Југ - јужната граница на опфатот ја следи југоисточната граница на КП 2071/7 КО Врбјани и граничи со КП 2071/1 и КП 2071/9 КО Врбјани, општина Кривогаштани
- Запад - западната граница на опфатот се движи по средишниот дел од КП 2071/7 КО Врбјани, така што го отсекува источниот дел од КП 2071/7, КО Врбјани, општина Кривогаштани.
Вака дефинираниот опфат го зафаќа источниот дел од КП 2071/7 КО Врбјани, општина Кривогаштани и површината на истиот изнесува 1,85ha.

2. Јавниот увид се организира со објавување на веб страната на општината www krivogastani.gov.mk, во траење од 15 дена почнувајки од **22.04.2025 година до 06.05.2025 година**, за кое време се доставуваат евентуалните забелешки.

Општина Кривогаштани
Градоначалник,
Николче Мисоски